Лена ДАМОВСКА

# ХУМАНИСТИЧКАТА ТЕНДЕНЦИЈА - ОСНОВА ЗА ИНОВИРАЊЕ И ТРАНСФОРМИРАЊЕ НА ПОДСИСТЕМОТ НА ПРЕДУЧИЛИШНОТО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ

Пред 96 години, во Шведска, беше објавена книгата на Елен Кеј, авангардната „THE CENTRY OF THE CHILD" или векот столетието на детето. Отогаш овој слоган многу често се експлоатираше и се користеше. Мегутоа и денес на прагот на 21 век, прашање е колку ова навистина беше век на детето, колку во ова столетие се анимираше детството и колку му се даде заслужениот третман и значење , имајки во предвид дека периодот на детството е значаен во развојот и оформувањето на секоја личност.

Во моето излагање ќе се задржам само на програмите за воспитно-образовна работа во предучилишните установи, како еден од факторите за оживотворување на хуманистичката тенденција во воспитно-образовната работа со децата и како основа за иновирање на подсистемот на предучилишното воспитание и образование.

Интервентните програми во 60 и 70 години, му дадоа белег на предучилишното воспитание и образование во светски рамки и во исто време извршија влијание врз донесувањето на нови програми и модели за работа со децата во предучилишните установи. И додека првата генерација истражувања на интервентните програми, беа преокупирани со ефектите што се очекуваа од нивната примена, но и со разочарувањата дека тие ефекти брзо се губат, доколку не се стимулираат понатаму во одделенската настава, „втората генерација истражувања за ефектите на раната интервенција во предучилишното воспитание и образование се фокусираа главно на три работи:

- возраста кога треба да се започне со интервенцијата
- интензитетот на интервенцијата и
- соработката со родителите".(2)

Во однос на возраста, веќе преовладува мислењето дека неопходно е поместување на возрасната граница, заради можностите на децата од раната возраст, па се инсистира да се започна со интервенцијата на две годишна возраст.

Ова е значајна работа која интервентните програми од 90 години треба да ја земат во предвид.

Во прилог на ова и Англиските искуства, каде што децата започнуваат со официјалното школување на 5 годишна возраст и веќе се настојува да се започне со школување и порано, односно и пред 5 години. Еден од аргументите за овој став е дека за една нација, веќе позначаен станува квалитетот на предучилишното воспитание и образование, во однос на универзитетското.

Ова е особено актуелно во наши услови, каде што опфатот на децата во годината пред поаѓање на училиште е 70% ( низок во однос на најголемиот број Европски земји, каде без разлика дали годината пред поаѓање на училиште е задолжителна, опфатот е 99% - 100% ).

Интензитетот на интервенцијата пак, е дирекно условен од развојниот теоретски модел на програмот, како и од непосредните реализатори на програмите, воспитувачите.

Според еколошката теорија на Бронфербренер, денес актуелна во земјите во транзиција, во 90 години една интервентна програма може да биде успешна само ако ја согледа „важноста да се реагира и да се одговори на различните карактеристики, потреби и иницијативи на сите учесници во една програма, кои заеднички ќе овозможат програмот успешно да функционира како социјален организам".(1)

Новите пристапи во истражувањето на феноменот на предучилишното воспитание и образование се повеќе ставаат акцент на реалниот програм, кој се реализира во предучилишните установи, во рамките на редовниот, официјалниот систем. Наспроти, теоретскиот модел на програмот се повеќе се актуелизира токму реалниот програм. Кога расчекорот помеѓу нив е голем, импровизациите во воспитно образовната работа се неизбежни. Обично моделот на еден програм тешко може доследно да се реализира во предучилишните установи. Без промени во системот и образованието на воспитувачите, неможе да се очекува промена во реализирањето на програмите.

Според истражувањата во САД ( Smith ) во Англија ( James ) ефикасноста на секој поедин модел на програма многу повеќе зависи од поединечните воспитувачи во рамките на еден програм, отколку помеѓу различните програми. Значи, разликите се дирекно условени од воспитувачите или за успешноста на една програма, многу поважен е „моделот на воспитувачот", отколку „моделот на програмата".

Во однос на програмите за воспитно образовна работа во предучилишното воспитание и образование, и кај нас и воопшто во светот карактеристично е дека:

- за нив се уште се нема традиција
- постои запоставување на научно истражувачката работа за овој степен на образование

- постојат специфичности на возраста
- неопходно е организирање на специфичен воспитно образовен процес
- евидентен е погрешниот правец на движење на предучилишното воспитание и образование, (барем кај нас) секогаш во задоволување на потребите на основното училиште.

Во предучилишните установи , децата се подготвуваат за нешто. Никогаш на тој период од животот, или на „тоа дете“ не се гледа како на дете, сега и тука, дете со свои потреби , интереси, можности, желби и се она што треба да се прифати како реалност. Не случајно, години наназад воспитно образовната работа во предучилишните установи и дидактичко-методската поставеност се прилагодува на потребите на одделенската работа.

Зошто не би се размислувало и во спротивен правец?

Не случајно, години наназад, во рамките на хуманистичката концепција, во воспитно образовната пракса, во градинките, доминираше когнитивно-академскста ориентација.

Во однос на лицата кои што ги реализираат програмите во предучилишните установи, колку е возраста на децата помала, толку и степенот на образование што се бара од воспитувачите е понизок.

Карактеристиките на возраста на децата од раниот и предучилишниот период, веќе бараат поголема професионализација и унификација на кадарот што работи во предучилишните установи.

Ова се само некои причини за проблемите со кои денес се соочува предучилишното воспитание и образование во реализирањето на соодветните програми.

Кај нас веќе е подготвена новата концепција за предучилишното воспитание и образование. Се очекува донесување на нова програма.

Меѓутоа, промената на програмата, менувањето на теориската концепција, не гарантира автоматско менување на актуелната воспитно образовна пракса во пожелниот правец. Усовршувањето на теоретскиот модел, мора да се свати како долготраен процес, процес кој е во постојан контакт со воспитно образовната практика.

Дали децата пред 100 години, биле повеќе зависни од возрасните, отколку денес? Не.

Единствената разлика е во тоа, што тие денес се сè помалку зависни од своите родители, а се повеќе зависни од други лица , кои професионално работат со нив.

Затоа, во предучилишните установи , заради генерациите деца кои доаѓаат, вреди да се проба, целосното оживотворување на хуманистичко-егзистенцијалната концепција за развојот на личноста.

ЛИТЕРАТУРА

1. Michael J. Guralnick, Second Generation Research on the Effectiveness of Early Intervention, EARLY EDUCATION AND DEVELOPMENT, october, 1993, volume 4, number 4.

2. J.Ronald Lally & Peter L. Mangione , Early Intervention Research: Building on Lessons from the 60's and 70's for programs in the 90's, FAR WEST LABORATORY,1991.

3. Eeva Huttunen, EDUCATION IN A CHANGING SOCIETY, UNIVERSITY OF JOENSUU , Joensuu,1992.

Lena DAMOVSKA

## THE HUMANISTIC TENDENCY - THE BASIS FOR INOVATION AND TRANSFORMATION OF PRESCHOOL EDUCATION SUBSYSTEM

(Summary)

The successful functioning of the preschool education subsystem is directly conditioned by the quality of programs and models used in educational work, i.e. by the way in which the program aims and tasks are carried out by their direct executors - the teachers.

This article presents the experiences from the first and the second generation of intervention programs which were implemented in the preschool education and the challenges that contemporary preschool children programs are facing.